# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Седмото продолжение на Педесет и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 7 септември 2007 година

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,29 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата за да започнеме со седницата.

Почитувани колеги,

Продолжуваме со работа по Педесет и третата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Илија Китаноски, Анета Стефановска, Јани Макрадули, Радмила Шекеринска, Никола Рилковски, Андреј Жерновски, Слободан Најдовски, Иван Анастасовски, Елмазе Селмани, Мендух Тачи, Арбен Џафери, Али Ахмети и Данаил Дончев, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

**Точка 20 - Предлог на закон за изменување на Законот за ловството.**

Претресот по текстот на Предлогот на законот е заклучен.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, во присуство на 64 пратеници, за гласале 57, воздржано 1, против 2.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за ловство.

**Минуваме на точката 16 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за водните заедници, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Ацо Киров, повелете.

**Ацо Киров:** Благодарам претседателе.

Можеби сте и во право, бидејќи очекував заменик министерот да се јави за збор и да каже нешто по овој Предлог закон, но бидејќи тој не се јави би сакал да кажам нешто по овој Предлог закон.

Со овој закон се врши измена на постојниот Закон за водни заедници и е со неколку измени, односно со околу измени на 5-6 члена, а измената се прави за подобро снабдување со вода на земјоделските површини, односно на земјиштата кои треба да се наводнуваат. Бидејќи не се многу членови, би сакал за три члена да зборувам и ќе бидам краток, а на крајот ќе го кажам моето мислење околу овие водни заедници, иако неколку пати го имам кажувано односно имам разговарано со министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство и имам дадено некои сугестии, бидејќи имам доста сознанија околу овие системи за наводнување, барем што се однесува за Струмичкиот регион.

Во членот 1 до сега хидромелиоративната единица не беше деллива, сега добро што се предлага овој член за делење по хидротехнички целини за да може да дојде до формирање на повеќе водни заедници. Тоа е еден член кој сакам да го поврзам со член 3, каде што исто така една водна заедница која делува на одредено подрачје може да се подели на две водни заедници.

Овде би сакал да кажам, дај Боже да има не една, не од постојната да се формира нова и плус една водна заедница и хидромелиоративната единица да се развие во повеќе хидротехнички целини. Заменик министер, мислам дека со министерот Спасеноски сме разговарале, вие не знам дали знаете или не знаете, но јас ќе ви кажам дека за Струмица и цел Струмички регион нема формирано ниту една водна заедница. Тоа е навистина голем проблем, сеуште Водостопанското претпријатие “Струмички слив” врши снабдување со вода за наводнување на земјоделските површини, а не само оваа година, не само минатата година туку 8-9 години не да нема вода, има вода, но тешко оди, функционирањето на ова претпријатие “Струмички слив” тешко оди од причини што ова претпријатие треба во некој иден период, односно требаше до сега да се ликвидира, затоа што не може да опстане и работи со загуба. Но тоа е друга тема. Главната поента ми беше да кажам дека во Струмичкиот регион нема ниту една водна заедница, но за оние региони каде што функционираат, можеби некои колеги пратеници ќе се јават за збор и ќе кажат за своите општини. Имам сознанија нешто за Кавадарци дека функционира водната заедница и на еден друг дел, во Прилепско или не знам каде, но во Струмичкиот регион навистина е голем проблем и тешко може да функционира. Кај нас во Струмица нема ниту една, а овие членови можеби се добри, и добри се, ги поддржувам таму каде што функционира и има потреба за делење на хидротехнички целини и од една да бидат две водни заедници.

Вториот член исто така го поддржувам, добар е бидејќи овозможува, покрај користење односно снабдување со вода за наводнување на земјиште, со овој член се дава водата да ја користат и други корисници за разни цели.

Понатаму нешто за кое се двоумам и со кое не би се согласил сосема е членот 4, со кој во постојниот закон во членот 66 се додава нов член 66-А, каде што не е обврзувачки, но сепак со овој член се овозможува или е кажано - вие знаете на што се однесува. Се однесува на тоа, ако водната заедница не располага со простор, канцелариски, магацински итн, овде е даден дека општината да обезбеди магацински или канцелариски простор за овие две водни заедници. Тука е малку недефинирано. Јас не сум правник, но без разлика на се, штом е даден овој член, значи може и на некој начин ќе стане обврзувачки за општината, и покрај тоа што кубурат со финансиски средства, тешко опстојуваат, да мора еден ден или со донесувањето на овој закон, ако не за 2007 година бидејќи е на истек, тогаш 2008 година на некој начин овие водни заедници таму каде што функционираат да почнат да прават притисок врз општините да добијат магацински и канцелариски простор, што на еден начин со овој член е вметнат во овој закон.

Тоа е околу членовите. Тука зборував за двата члена, за членот 1 и за членот 3, за Струмица барем нема шанса во наредниот период да се спроведе затоа што немаме водна заедница. За ова, бидејќи тогаш на некој начин бевме во еден теснец со времето кога го добивме овој Предлог закон и кога требаше да се поднесуваат амандмани не поднесовме, но имав намера да поднесам еден амандман кој се однесува замениче министре точно на овој член 66-А, кој се предлага со овој закон, за да не биде општината таа која треба да обезбеди простор за овие водни заедници.

На крајот би сакал една моја сугестија да дадам. Таа веќе ја имам пренесено и кажано на неколку места. Инаку преку советот, бидејќи бев претседател на советот во нашата општина, имавме состаноци, мислам дека тогаш беше Холандската влада што го финансираше формирањето на овие водни заедници, но на собирот или со луѓето кои беа доста запознати со оваа проблематика за формирање на овие водни заедници, еден од најголемите проблеми - сега заменик министер ако имате сознание можете да ми кажеме - еден од главните проблеми беше што тогаш на овој состанок со претставници од Холандската влада беше кажано, или така е вметнато, јас го немам прочитано, но од тогаш го имам запамтено, дека испораката на водата од водостопански претпријатија до водните заедници, после истекот на 30-от ден, на 30 дена треба да се наплати.

Тоа можеби е и една од најголемите причини во Струмичкиот регион што сеуште немаме водни заедници, затоа што така подрачјето е карактеристично со снабдувањето на вода, односно со дотурањето на вода до каналите каде што треба да се извршува наводнување, од причини што имаме и многу раноградинарски производи кои што, да не кажам од крајот на март, до почетокот на април кои што треба да се наводнуваат. Тие треба да испорачуваат вода, водните заедници треба во рок од еден месец да ја платат што тешко оди со наплатата.

Значи, најголемата причина ја кажав, е наплатата за испорачаната вода по истекот на 30 дена. Мое размислување е министре, дека, еве, бидејќи во оваа фаза на приватизација, или на формирање на водни заедници е еден проект кој што се работи неколку години наназад, можеби е доцна, но, сепак, за да не дојде и тоа што го имаме, односно оние така како што ги викаме канали, водоснабдителни канали кои што ги имаме во Струмичкиот регион, па и во другите места, да не дојде до тоа еден ден да не бидат употребени од причини што кај нас во последните 10 години нема инвестирано ниту 500, или 1000 евра во овој систем. За да не дојде до тоа и тоа што го имаме, бидејки има доста запушени канали, па веќе не се употребуваат со години и така како се движи линијата спрема главниот отворен канал се повеќе каналите со години веќе се запушени, значи 10 години.

Моето размислување е и убеден сум дека најдобро ќе биде овие водоснабдителни канали кои што служат за дотур на вода до земјоделските површини најдобро е да се продадат, односно дали да се дадат под концесија, дали да се дадат на лицитација за 15, 20, 30 години и т.н. Во тој случај сигурно ќе има заинтересирани лица кои што финансиски стојат добро и верувам дека тоа што за 10 години не е направено во последните 10 години што не е прочистено, што не е санирано, тоа ќе се санира за 2 , до 3 месеци.

Зборувам за проблемот во Струмичкиот регион.

**Љубиша Георгиевски:** Продолжете господине Киро. Продолжете од мене немате никаква забелешка.

**Ацо Киров:** Јас од вас немам проблем, туку имам проблем од парламентарното мнозинство.

**Љубиша Георгиевски:** Јас интервенирав, сега продолжете.

**Ацо Киров:** Јас ќе завршам бидејки можеби колегите пратеници од парламентарното мнозинство сакаат како вчера за час и половина да го поминат денот и да си одат дома. Е па нема, денеска тоа што имаме да го кажеме, ќе го кажеме.

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам да не се крева тензија.

Повелете господине Киров, говорете.

**Ацо Киров:** Бидејки колегите се многу нестрпливи и можеби имаат навика од вчера за побрзо завршување на седницата. Значи, министре, не ме сослушавте тоа што сакав да ви го кажам, бидејки нешто зборувавте. Но, сепак, еве, сакам да ме слушнете.

Значи, мојата сугестија е овие водоснабдителни канали кои што ги имаме, не знам за другите општини, но пред се зборувам за Струмичкиот регион, иако е овој проект неколку години веќе почнат, можеби не може назад, но мора Министерството за размислува за приватизација на овие водоснабдителни канали од причини што

во Струмица во наредниот период една, две, три години тешко некој да се нафати да формира водна заедница. Затоа што оние луѓе кои што имаат познавање, оние луѓе кои што работат со оваа пробелматика се финансиски немоќни и на еден начин не ќе можат да финансираат однапред пред да заработат. Бидејќи има големо нетрпение, после можеби пак ќе се јавам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам господине Киров.

Дали има реплики? (Нема)

Има збор господинот Сафет Незири,

**Сафет Незири:** Благодарма господине претседател, почитувани колеги пратеници, јас од поодамна, значи пред 2 до 3 месеци знам дека е предложен овој предлог за измена на Законот за водните заедници. И тоа е чекор за кој што мислам дека треба да се конкретизира и да се дефинираат позициите на водните заедници, односно на Водостопанството. Мислам дека е едно наметнување на времето за да се дадат надежи на земјоделците во Република Македонија, затоа што се говори за територија како што е Република Македонија и е една од примарните дејности, или главните дејнсоти во Република Македонија, се разбира дека е земјоделието. Меѓутоа, секоја Влада до сега, а како што ми изгледа и оваа Влада исто така оди на таа варијанта што до сега многу малку се инвестира, или пак да кажам се третира на соодветен начин земјоделието во конкретниот лсучај кога се работи за водните заедници. Затоа што Република Македонија располага со еден голем фонд, или потенцијал на води и мислам дека сепак, како и во минатото и сега ќе се јави, по мое мислење една форма на скепса, односно во насока на она колку може да биде функционално, односно да дојде до поголем израз и нефункционалноста на овој закон. До сега и на Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство сме дискутирале и ги дадовме и нашите забелешки и сугестии во оваа насока, посебно за позицијата и досегашниот статус на водните заедници кои што можеби проформа постоеле до сега, меѓутоа до сега голем дел, или голем процент на водните заедници се под стечај, или пак кажано поинаку воопшто не постојат, или не функционираат како такви и се разбира техничкиот дел останал на милост, или немилост на времето и на разните крадци и оштетувачи кои што го правеле тоа до сега и до сега нема сеуште никаква одговорност за тоа кој ги донесе до стечај водните заедници, односно Водостопанството. Не знам, мислам дека соодветното Министерство би требало да преземе мерки или пак да даде, да поднесе извесен извештај не само на пратениците, туку и на пошироката јавност и на оние кои што се непосредно затекнати за да се прикаже некој приказ околу водните заедници и Водостопанството за тоа колку со број и проценти имаме водни заедници кои што псотоеле на времето, а сега не постојат, или се под стечај и кои се основните причини кои што довеле до стечај.

Поставувам прашање, затоа што се знае, теритоијата на Република Македонија и богатството со води што го има, значи располага со исклучително голем фонд на води, затоа што западниот дел на Република Македонија според информациите има малку поголемо водно богатство. Поставувам прашање колку јавните претпријатија биле основани од страна на државата во источниот дле на Македонија, а колку во западниот дел на Македонија. Затоа што според информациите со кои што ние располагаме за запасниот дел на Република Македонија се вели дека на симболичен начин постојат тие структури на водни заедници и на Водостопанство. Исто така, си поставувам прашање сам на себе, затоа што Светската банка е на распоалгање и има добра волја да финансира со проекти за основање на 4 големи јавни претпријатија за водостопаснтво. Дали има намера, дали размислува Владата на Република Македонија од овие 4 јавни претпријатија за водостопанство да основа водостопанство од водните заедници во северо-западниот дел на Република Македонија, односно во делот на општина Липково со околината. Затоа што општината Липково, неколку пати го имам тоа спомнато, значи располага со две брани кои што се разбира тука примарно е водата за пиење, а потоа и другите индустриски води кои што ќе дојдат до израз. Јас можам да замислам одговорот ќе биде дека браните повеќе се за снабдување на граѓаните на Куманово со вода за пиење, а потоа ќе се види делот за наводнување и снабдување со вода на земјиштетото всушност и плодното земјиште. Дали размислува соодветното Министерство да преземе иницијативи, или конкретни мерки за отворање на вештачки извори, или пак поинаку наречени бунари за да се направат резервоари за вода за да може да се создадат и водни заедници на истите места за да може да се обезбедат со вода за наводнување и жителите од општина Липково и околината. Бидејки овој дел од територијата на Република Македонија, значи Липково со околината, со околните населени места, освен ридските места што ги има, располага и со долини и полиња кои што со многу мал дел овој дел од општината, значи може да се извади вода за водоснабдување од мала длабочина. Дали размислува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во иднина да преземе мерки тој дел од населението да се активизира така како што било пред 10 или 15 години со земјоделски дејности и со сточарски дејности, за да на тие луѓе навистина им се дадат надежи и нивните земјишта, да имаат мотив да ги обработуваат своите земјишта. Бидејки се размислува да се инвестира повеќе во земјоделието, јас мислам дека основното, примарното прашање, се разбира дека е водата, затоа што без вода не може ништо да се направи. Јас ќе ви кажам еден конкретен случај. На

пример, неслучајно во Израел се водеше војната на Израел со арапскиот свет, или пак со соседните држави, ќе ви кажам конкретен случај, значи Голанската висорамнина каде што основното прашање за војната беше располагање со вода. И Израел знаејки ја земјишната површина, значи се знае дека е каменита земја, не е земјоделска земја и секој жител, секој селанец располага не само со питка вода, туку и со вода за наводнување.

Поставувам прашање исто така, затоа што имам исклучително големи дилеми, на ниво на државата колку функционираат хидромелиоративните системи во Република Македонија и врз основа на тоа се знае дека и ќе може да се планира и инвестирачката политика од Светската банка преку вашето Министерство и тие места каде што навистина има потреба да се инвестира, да се инвестира. Се проблематизира и до ден денес посебно во делот на надлежностите за Водостопанството и нависитна луѓето не знаат на кое министерство да се обратат, затоа што со Водостопанството располага повеќе Минситерството за земјоделие, Минситерството за транспорт и врски, Минситерството за животна средина, Министерството за економија и т.н. Меѓутоа, сепак мислам дека овој дел на проблематиката на водите, посебно на водоснабдувањето, за наводнување, или индустриската вода, мислам дека тоа припаѓа на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Јас читајки го Предлог законот за изменување, забележувам неколку члена каде што се мали измените со кои што се интервенира и се вели дека за формирање на водна заедница, или на повеќе водни заедници треба да се поднесе барање до Управата за водостопанство. Јас мислам дека тие водни заедници кои што ќе се формираат во тие населени места кои што засолжително требаше да бидат предвидени во оваа измена на Законот, се разбира да се добијат и идеи, ставови и мислења од самата локална власт, односно од самата општина. Што значи, на некој начин се остава на страна и единициата на локалната самоуправ. Во оваа насока сакам да кажам дека ова Министерство требаше, затоа што власта ни е децентрализирана, како фактичка состојба и во оваа област требаше надлежностите, барем дел од надлежностите да преземат и единиците на локалната самоуправа, односно општините и со овој дел од водите, или пак со стопанисувањето со водите, или со управувањето со водите требаше и општината, односно и градоначалникот на општините да управува, или пак да располага со истите. И се разбира дека подобро ќе беше управувано од страна на општините, затоа што тие си ги знаат потребите и интересите на своите граѓани и жители, на тој начин ќе можеше да биде поуспешна и општината при секојдневното соочување со граѓаните и селаните кои што работат и живеат во таа општина. Во целсот мислам дека е во прилог предлогот за формирање на водни заедници, меѓутоа треба да се има предвид, мислам дека оваа поделба, или пак територијата на водостопанството треба да направи поделба на водните заедници и давање на на ддлежности на секој дел на територијата на Република Македонија подеднакво.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор пратеникот Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски**: Благодарам претседателе. Значи, сосема кратко. Јас би сакал да слушнам до колку почувствува потреба претставникот на Владата да даде одговор на неколку коментари. Имено, овој закон е донесен во 2003 година со измена во 2005 година. Ме интересира, дали Министерството за земјоделство има направено соодветна анализа на постојните проблеми при имплементацијата на овој закон. Значи, како се реализираат законските решенија кои што се дадени во функција на создавање на тие водни заедници, имајки ги во предвид конкретните проблеми кои што низа години наназад особено во руралните средини, односно општините, помалите општини кои што зафаќаат погоелма територија, а населението прилично се занимава со земјоделие. Значи како овој закон би ги олеснил проблемите кои што се јавуваат при користење на водните ресурси.

Значи, конкретно прашање е дали при интервенцијата со оваа измена во законот имавте консултација со ЗЕЛС, дали имавте одредени забелешки користејќи ја оваа институционална форма особено од руралните средини во кои што се јавуваат конкретни проблеми на неможност за формирање на водните заедници и решавање на тие проблеми.

Второ, дали оној регионален пристап кој што дава одредени претпоставки дека може да се имплементира со овој закон е реализиран или поточно кажано дали одредени општини кои што не располгаат со природни ресурси, а во соседната општина има, значи, согласно со Законот за локална самоуправа е можно единиците на локална самоуправа да создаваат интересовни, институционални форми со регионално здружување за задоволување на заедничките интереси. Дали постои компатабилност во овој дел, дали се пристапило во одредени општини кон формирање на регионални центри и дали од ЗЕЛС воопшто се пристигнати такви забелешки до Министерството за да се изврши попрецизна интервенција во Законот со цел да се избегнат вакви недоразбирања.

Јас не би сакал да го узурпирам времето, но постојат конкретни примери на различни нелогичности при имплементацијата на тој закон односно отстапување од законските решенија и имплементација во реални основи.

Проблемите се реални бидејќи во досегашниот начин на функционирање на снабдување со вода овие две прашања се конкретно врзани со членот 5 на Законот во кој што се сугерира и создавање на сојуз на водни заедници, значи еден вид на

регионализација. Дали не сте почувствувале потреба од попрецизно дефинирање на овој член во кој што на поедноставен начин и ќе им се сугерира на општините да стапат во сојуз на водни заедници. Дали е тоа политиката на Министерството да фаворизира таков топ на здружување. Значи реалните проблеми од страна на водостопанските претпријатија се тоа што им беа потребни значителни средства за одржување на постојната инфраструктура, каналите, цевководи, соодветната механизација за одржување на тие хидромелиоративни системи и секогаш се судираа со проблеми од наплата од физичките и правните лица, но пред се од физичките лица кои што калкулираа со оглед на нивото на економската моќ на населението на соодветни загуби заради слабата наплата.

Од страна на корисниците стално имаше забелешки за висината на цената на м3 вода за наводнување, за континуитетот кој што не се запазуваше секогаш особено при сушните периоди, како што е на пример оваа година и дали тука не почувствувавте потреба од прецизирање на одредени одредби на Законот за зголемување на ингеренциите во тој дел со интервенција од страна на Министерството, или еден вид на арбитража на тој дел заради можни недоразбирања.

Конечно јас не можам да видам во Законот и во старите решенија и сега дали сте предвиделе дека сега може и технолошка вода за одредени потребни на корисници да се дистрибуира од страна на водните заедници. Прашањето е кнкретно, дали постои некоја градација на приоритети. Што прво би се користело во намалени услови на ресурси, дали вода за наводнување, дали технолошка вода за одредени процеси на пример во енергетски сектор, ако на таа територија постои термоелектрана која што користи технолошка вода за ладење на системите или снабдување на технолошка вода на одредени индрустриски капацитети во кои што имате процесни технолошки процеси во кои што таа технолошка вода е составен елемент на тоа. Значи, дали сте почувствувале потреба на интервенција во Законот заради елиминирање на можни недоразбирања од страна на корисници во услови на намалени издашности на количини на водени ресурси да се направи одреден приоритет. Се разбира дека водата за пиење е дефинирана како прв и основен приоритет, но овој друг тип каде што се прошируваат ингеренциите во делот на членот 2 на Предлогот на измената на овој закон, во кој што врз основа на договор овие корисници можат да се снабдуваат со испорачување на технолошка вода на правни и физички лица.

Јас би сакал доколу претставникот на Владата чувствува дека може да ни одговори на овие недоумици што се јавија кај мене. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** За збор се јави господинот Владимир Серафимов.

**Влатко Серафимов:** Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата на Република Македонија, почитувани колеги пратеници.

И покрај, јас гледам дека се има јавено за збор замеником на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, а бидејќи има доста прашања упатени од претходниот дискутант...

**Љубиша Георгиевски:** Би му го отстапиле ли своето место?

**Влатко Серафимов:** Да, би му го отстапил правото на збор на заменикот на министерот, а потоа ќе се јавам за збор.

**Љубиша Георгиевски:** Мислам дека е многу практичен вашиот предлог.

Повелете господине заменик министер.

**Перо Димшоски:** Мислам дека има друг пријавено пред мене.

**Љубиша Георгиевски:** Господине Положани, не знам дали ја следевте ситуацијата и вие сте пријавени за збор пред господинот заменик министер за земјоделство.

Господинот Владимир Серафимовски предложи да го отстапи редот на господинот заменик министер, бидејќи имаше доста прашања. Мислам дека тоа е практичен предог, имате ли нешто против.

(Не, немате).

Повелете господине заменик министер.

**Перо Димшоски:** Господине претседателе, дами и господа пратеници ви благодарам на зборот.

Овој Предлог на закон за измена на Законот за водни заедници пред се носи некои суптилни проблеми меѓутоа ме радува што се разви една суштинска дискусија за состојбата во водостопанството во Република Македонија.

Денес пред се би сакал да кажам, пред да се обидам да одговорам на некои од прашањата кои беа спомнати, дека е убав ден за водостопанството во Република Македонија, бидејќи во овој час се пушта хидросистемот "Лисиче", еден капитален објект на кој работеа повеќе влади, повеќе парламенти, така да ја продолжуваме традицијата на успешно завршување на капитални проекти која започна со "Маврово", овде некој од повозрасните сигурно се сеќаваат како македонската младина го градела тој проект.

Инаку, оваа Влада како и претходните влади многу вложуваа во водостопанството, кое јас лично го сметам и многу експерти како еден клучен фактор за успехот на македонското земјоделство. Пред неколку години во Македонија започна процесот на реформирање на водостопанствата кои дотогаш беа исклучително во надлежност на државата и тие проекти предвидуваа, идеата, идејната матрица на реформата беше да се формираат заедници кои ќе работат и на еден принцип на економска одговорност. Тоа значи формирање на заедници кои ќе ги раководат и со кои ќе управуваат и за

кои ќе се грижат корисниците на тие водостопанства на тие водостопански услуги што ги пружаат тие, дали сега во Законот се наречени водостопаства.

Тие реформи беа подпомогнати од еден меѓународен проект, некои од пратениците споменаа, имаше проекти на Светска банка кои владите претходни влегоа храбро во реформи, беа донесени закони, беше отпочнат системот на реформи. Голем дел на водостопанските заедници беа реформирани и почнаа да работат по новиот закон за водостопански заедници од водостопанства каде беа ликвидирани, преминаа во водостопански заедници, така да денес се наоѓаме во ситуација уште неколку, четири ислам дека се точно кои треба да завршат со реформите. Еден од нив е струмичкиот слив, за кој многу брзо, во текот на годината отпочнува процесот на реформи. Таа реформа ја превзеде, што беше отпочната од претходните влади, како одговорност си ја презеде и оваа Влада и тече со закажаните термини и можности што ги има Владата и е во план да биде завршена успешно. Меѓутоа, овој закон, сега би се задржал на одредени членови кои што се суптилни и се однесуваат на работата и проблемите кои што беа индикативни од функционирањето на тие водостопански заедници. Некој од пратениците спомена, не се сеќавам кој точно, точно е дека еден од најголемите проблеми и за нас индикатор за успех на тие водостопански заедници е процентот на наплата. Тоа е еден од главните индикатори за нас како Влада да видиме дали тие функционираат или не. Кога беа формирани тие водостопански заедници морам да признам дека беше прилично низок, тоа беше пред неколку години, меѓутоа од година во година тој се подобрува, мислам процентот на наплата се подобрува и гледаме дека оваа реформа доколку истраеме ќе биде на крајот успешна и гледаме дека оваа реформа доколку истраеме ќе биде на крајот успешна, јас сум убеден дека ќе биде успешна. Значи, тоа е еден од главните проблеми.

Друг проблем е недостаток на тој менаџерски кадар во земјата кој може да ги управува, кој би можел да се снајде во оваа нова ситуација на економско работење на тие водни заедници, нормално претходно менаџерскиот кадар беше де факто управуван дирекно од државата и државата дирекно беше одговорна со доделување на средства од Буџетот. Сега тоа не е така. Значи новите услови бараат нови луѓе, нови менаџери, нови навики. Тоа е процес кој сигурно ќе потрае.

Имаше прашање во однос на географкста распрогранетост, дали Источна Македонија, Западна Македонија, еден од условите како се формираат локалните заедници пред се системот треба да претставува техничко технолошка целина. Мислам дека тоа е основно. Сега, не би навлегувал во конкретни случауи и географски подрачја каде треба да има или каде не треба да има, меѓутоа мислам овие дополнувања во Законот што ги предлагаме се суптилни, не се суштински и затоа не препорачувам да ја продолжиме дискусијата. Едноставно мислам дека овој закон и понатаму ќе се дополнува со исто вака суптилни забелешки и дополнувања и затоа сметам дека сега треба да ја прекинеме расправата и да го прифатиме законот така како што го предлага Владата. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За реплика се јави госпоѓа Верица Филипова, повелете.

**Верица Филипова:** Благодарам почитувани присутни.

Во излагањето на самиот заменик министер цело време слушавме дека тој образложуваше за водостопанствата, а денеска на дневен ред имаме Закон за водни заедници. Водостопанските претпријатија и водните заедници се за нас лаиците можеби слична работа, меѓутоа различни организациони единици господине заменик министер.

Вие цело време дискутиравте за кредитот од Светска банка кој бил наменет за водостопанските организации, што нема допирна точка со законот кој е на дневен ред денес. Овде впрочем неколку пати дискутиравме и поставувавме пратенички прашања, конкретно од мене и барав одговор токму за водостопанските претпријатија. Токму за водостопанските претпријатија во Република Македонија кои функционират на принцип на самофинансирање поради структурните промени во нив, поради укажувањата од меѓународните организации, поради кредитот од Светска банка, поради грантот од Холандската Влада, а вие и покрај тоа се дрзнавте да направите партизација во успешните водостопански претпријатија, пред се мислам на Водостопанство "Брегалница" каде поради промена на менаџерскиот тим и поставување на нов партиски менаџерски тим комплетно се промени менаџерската структура, меѓутоа за жал претпријатието почна да функционира тотално неуспешно.

Воден надомест повеќе не плаќа никој, Во Водостопанство "Брегалница" владее хаос. Летово вода добиваа само првите села односно само територијалните блиски водни заедници од кочанско, додека при оваа голема суша подалечните, светиниколските и Џумајлија водни заедници немаа воопшто вода се поради хаосот.

Денес на дневен ред е Законот за водни заедници, а водни заедници се помалите структури и јас би сакала да искористам и да ве прашам на кој начин планирате да ја правите финансиската контрола, материјално финансиското работење на водните заедници. Тоа не е третирано, тоа не се прави останато е и таму по сопствена чест и сопствен начин на работа да бидат раководни структури. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор Влатко Серафимов, повелете.

**Влатко Серафимов:** Благодарам почитуван претседател, почитувани претставници на Владата на Република Македонја, почитувани пратеници.

Во излагањето на почитруваниот заменик министер сметав дека ќе каже нешто поконкретно, меѓутоа тој ни најде една забелешка и ни даде една сугестија дека нема потреба повеќе да расправаме за измените дополнувањата на Законот за водни заедници, туку треба да го изгласаме, затоа што овој Предлог на закон не е суштински, туку е суптилен.

Сметам дека на ваков начин и самиот заменик министер кажува дека немало потреба да имаме измени и дополнувања на Законот за водните заедници, туку требало само да помине на Парламентот за да се задоволат нечии лични интереси и сето тоа да помине како една фурија низ Парламентот на Република Македонија,

Почитуван господин заменик министер зошто тогаше е ставен на дневен ред и на Владата и во Собранието Предлогот за донесување на закон за измени и дополнувања на Законот за водните заедници. Овој закон на почетокот требаше да дадете образложение зошто е донесен, зошто се предлага, вие немавте ниту во вашето обраќање, ниту на почетокот што да кажете бидејќи овој закон за изменување и дополнување на Законот за водните заедници може само со една реченица да каже - овој закон е за формирање на повеќе водни заедници во една територијална организација каде што водните заедници може да бидат не една, туку можат да бидат повеќе.

Сето тоа требаше да го кажете со една реченица и требаше да дадете едно кратко образложение.

Меѓутоа, ако сега се навратиме на постоечките водни заедници кои што фигурираат на една територијална единица тогаш можеме да направиме една анализа како тие работат, какви се нивните собрани финансиски средства и дали има потреба да постојат водните заедници како една единствена во една територијална средина или треба да формираме повеќе водни заедници на една територијална единица се со цел да се подобри квалитетот на водоснабдување на земјоделците во тој регион.

Меѓутоа, вака предложените дополнувања создаваат хаос со водоснабдувањето во Република Македонија.

Јас би се осврнал на една работа која можеби е хипотетичка, на прв поглед, меѓутоа може да биде и реална.

Може ли во една територијална единица да има 10 водни заедници? Ако секое село односно населено место си формира своја водна заедница и така тие би функционирале и би создале едно водостопанско претпријатие да имаме 150 или 200 водни заедници. Тогаш овој закон нема да вреди, ниту овие измени и дополнувања, ниту пак претходниот закон кој беше донесен и во 2003 и со измените и дополнувањата во 2005 година. За истата таа работа јас ќе се осврнам и на членот 66-А кој вели: "доколку водната заедница не располага со сопствени административни и други простории, просторни услови за работа, како канцелариски простор и простор за складирање на возила, резервни делови, модел на водостопанска опрема и други неопходни движни ствари, на барање на водната заедница минимум просторни услови за овие намени може да обезбеди општината на чие подрачје е седиштето на водната заедница".

Ако ние имаме една успешна водна заедница на една територија и притоа се фомираат и три други нови водни заедници кои не знаеме како ќе работат, дали ќе бидат успешни или неуспешни и ако општината даде една канцеларија на успешната водна заедница, дали не треба да даде и на другите. Другите водни заедници ако не добијат просторни услови од општината, ќе бидат онеправдани. Затоа сметам дека овие измени и дополнувања, не се направени да го подобрат Законот за водни заедници, туку се направени да задоволат нечии лични интереси. Со задоволувањето на личните интереси, верувајте, нема да добие никој во Република Македонија, освен тие кои ќе ги собираат средствата од водниот надоместок во тие водни заедници. Таков случај имаме и денес.

Денес имаме водни заедници кои работат со успех и кои можат да бидат за пофалба и од Светска банка која беше финансиер на Проектот за водостопанските претпријатија, меѓутоа имаме и водни заедници кои не заслужуваат да бидат спомнати во овој законодавен дом. Имаме состојба каде водни заедници наводнуваат земјоделски површини кои се узурпирани од страна на земјоделците. Не навлегувам во тоа дали узурпаторите се гонат или не. Меѓутоа, дали некој има право да наводнува површини кои се узурпирани од страна на земјоделците, а другите кои имаат легално добиено државно земјиште, кои имаат сопствено земјиште и за кое си плаќаат воден надоместок, немаат услови да ги наводнуваат своите површини.

Втората работа која исто така е многу битна за развојот на земјоделието во Република Македонија е поддржувањето на водните канали.

Сами знаете дека во Република Македонија во претходниот период, имаше повеќе поплави. Поплавите беа исклучиво од страна на, вина имаа, така да кажам, водните заедници кои се грижат за одржување на водните канали, не исчистени водни канали, неправилна распределба на водата, затоа што тие луѓе кои раководат со водните заедници ги интересира само една единствена цел, а тоа е да создадат што е можно повеќе парични средства. Во ред е собирањето на парични средства, меѓутоа треба да се има и еден план за распределба на водата на тие водни територијални единици. Во овој момент во Република Македонија многу малку имаме водни заедници кои располагаат со такви планови за наводнување и кои располагаата со парични средства што ќе бидат наменети за расчистување на водните канали. Верувајте, ни еден хидро систем, и десет хидро системи да има,

доколку нема одржување на водната мрежа во Република Македонија, секој пат водата нема да ја користиме на најсоодветен начин, секој пат водата ќе ја користиме на начин што ќе задоволи дел од потребите на одредени луѓе, а дел на луѓето на кои навистина ќе им биде потребна водата, ќе останат неискористени и ќе бидат занемарени. Затоа сметам дека овие измени и дополнувања на Законот за водни заедници, нема да придонесе за подобро снабдување со вода и за решавање на проблемите во земјоделието.

Овие измени и дополнувања, како што кажав и на почетокот, ќе задоволат одреден круг на луѓе кои ќе стопанисуваат и кои ќе ги користат материјалните добра на граѓаните во тие населени места, а квалитет за нивното наводнување ќе нема.

Работата на водостопанските претпријатија не е денес тема да ја коментираме. Можеби на некоја наредна седница ќе имаме можности да коментираме, меѓутоа и луѓето кои ќе раководат во водостопанските претпријатија, не можеме да им ја префрлиме фината бидејќи тие се зависни од водните заедници. Ако водните заедници функционираат на начин како што е предвидено со законот, во тој случај ќе имаме и успешни водостопански претпријатија. Меѓутоа, почитуван заменик министер сметам дека треба да извршите контрола врз работата на водните заедници, да донесете, да излезете со едни податоци која водна заедница работи рентабилно, која водна заедница не работи рентабилно, па тогаш да расправавме за измените и дополнувањата на Законот за водни заедници. Вака можеме да направиме уште поголем хаос, вака можеме да направиме да имаме илјадници водни заедници, а проблемот со водоснабдување на земјоделците да не се реши.

Затоа ви предлагам да извршите контрола на сите водни заедници и да излезете со едни бројки кои што ќе дадат слика за нивната работа, дали се тие успешни или не. Успешните ќе ги поздравиме, а за не успешните барајте начин како да ги промениме тие водни заедници и да формираме нови, 3, 5, ил и10, па во тој случај да имаме успешно земјоделие. Вака како што стојат сега работите, сметам дека овој закон е бесцелен, ако го донесеме.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Три минути реплика за госпоѓа Лилјана Поповска, повелете.

**Лилјана Поповска:** Почитуван господин претседателе, почитуван господин министре, почитувани колеги пратеници,

Морам да кажам дека целосно не ја разбрав дискусијата на почитуваниот колега, бидејќи говореше воопшто за целосно функционирање на водните заедници, за нешто за што не се говори во Законот.

Вие, се разбира, се осврнавте на сите проблеми кои постојат. Јас се согласувам дека има многу проблеми кои со години се наталожени и кои на моменти изгледаат неразрешливи. Меѓутоа, ако се вратиме кон овој закон што го имаме тука пред нас, ќе видиме дека се работи само за 8 членови, после завршните и преодни одредби и практично само за неколку членови кои имаат материјален карактер и конкретни материјални измени. Со тие измени, колку што јас ја разбирам материјата, се отстрануваат токму тие дефекти за кои вие говоревте дека постоеле во изминати години. Затоа не разбирам зошто не го поддржувате овој закон кога излегува во пресрет токму на проблемите кои постоеле. Имено, две се суштински работи. Со една работа се премостува нефункционирањето на одредени водни заедници, притоа што постои можност за разделување или за спојување. Значи тоа е едниот принцип што се вметнува во овој закон. Второ, се надминува просторот, со деловниот простор, за водните заедници. Во суштина тие се двата аспекти што ова мало законче ги содржи. Затоа јас навистина сакам евентуално да дообјасните зошто негирање на потребата од носење на овој закон кога тој токму работи за надминување на проблемите на водните заедници кои вие ги спомнувавте.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Една минута контра реплика за господино Серафимов, повелете.

**Влатко Серафимов:** Почитувана колешки, навистина не ги разбирате работите. Зборував за член каде овие измени и дополнувања се толку суптилни што само се однесуваат на формирање на повеќе водни заедници.

Водните заедници, ако појдете во еден регион, отидете во Кочани и ќе видите како работат водните заедници. Имаме и успешна водна заедница, имаме и неуспешна водна заедница. Таму каде се успешни водните зедници, таму ќе се јават пет водни заедници, не една, пет, затоа што мислат дека има профит од сето тоа. Таму каде не се успешни, таму и најголемите земјоделци одбиваат да бидат членови односно да работат во тие водни заедници.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Три минути реплика за господинот Дамески.

**Панче Дамески:** Благодарам господине претседателе, почитуван заменик министер,

Би му реплицирал на колегата Серафимов во неколку сегменти од неговото излагање.

Единствено би се согласил со неговата констатација дека денес разговараме за се само не за водните заедници. Значи, разговараме за водостопанските претпријатија што воопшто не е на дневниот ред.

Што се однесува до неговата забелешка на членот 1, значи за можноста да се формираат водни заедници, знаете и вие дека е невозможно секе село да формира водна заедница, од повеќе причини. Прво, ниту ги има природните ресурси, ниту секое село има вода, ниту секое село има финансиски можности да формира водна заедница, значи она што го кажувавте, а и сами рековте дека е хипотетички. Од друга страна не

гледам зошто, доколку ги исполнуваат условите, не би имало повеќе водни заедници.

Што се однесува до членот 66-А, не знам зошто е толку спорно и кај колегата Ацо Киров и кај вас, бидејќи тој член воопшто не е обврзувачки. Тука се вели - доколку општината има услови, значи може да даде, а не мора да даде. Значи доколку општината има просторија може да ја отстапи на користење на водостопанската заедница. Најверојатно, вие имате задоволувано лични интереси и по вашите искуства мислите дека повторно ќе се задоволуваат нечии лични интереси.

Проблемот со узурпираното земјиште, со наводнување, не се решава и водните заедници не се тие кои треба да го решаваат проблемот со наводнување на узурпираното земјиште. Се знае кој треба да го реши и кој го решава проблемот со узурпираното земјиште.

Се на се навистина имаме еден мал закон за изменување и дополнување на Законот за водни заедници со кој мислам дека ќе имаме многу поефикасна работа на водните заедници, нивно порационално работење и подобро функционирање. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Една минута контра реплика за господинот Серафимов, повелете.

**Влатко Серафимов:** Почитуван колега Дамески, кажавте некои работи, некои ги повторивте.

Најмалку зборував за водостопанските претпријатија. Зборот ми беше за водните заедници. Кочани располага со мрежа и во секое населено место, бидејќи е под ориз, мора да има хидро систем и секое село може да има водна заедница. Јас кажав хипотетички, можеби, меѓутоа ставете се во ситуација на луѓето кои работат во водните заедници. Јас реков, имаме успешни водни заедници кои се за поздравување и имаме водни заедници во мојот регион кои се неуспешни. Затоа може да настане хаос со овие простории.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете господине Положани, имате збор.

**Азис Положани:** Благодарам.

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, претставник на Владата.

Сега е поволен момент, преку овие измени на Законот за водни заедници да ја искажам мојата загриженост во однос на функционирањето на водостопанствата кои се тесно поврзани со развојот на земјоделието.

Јас го прифаќам фактот дека не сум експерт од оваа област и секако не можам да дадам стручен придонес во оваа насока, но сакам да ја искажам загриженоста на граѓаните и на тие кои зависат и начинот на нивното живеење зависи од водата за наводнување.

Тоа што го кажа заменикот министер, вистина е дека овој закон, претходниот закон кој се донесе во 2003 и 2005 година овој закон, има потреба од дополнителни измени, бидејќи се забележуваат недостатоци, слабости или неможност за уредување на оваа материја преку постојните законски одредби. Кога има недостатоци, секако дека елементарна потреба е да се интервенира со закон да се уредат овие прашања. Тоа во целост го потврдува фактот дека Законот за водните заедници во целост ја доживува судбината на земјоделието и на еден начин имаме неусогласен, недобро планиран и недоволно замислен развој на земјоделието. Затоа и сегментот на водите не го наоѓа своето место, како што треба, во оваа дејност.

Убеден и свесен дека неколку подрачја или простори во Република Македонија добро го имаат организирано ова прашање и дека успеале да го заштитат нивниот интерес, организирајќи се во водни заедници и водни стопанства.

Водните заедници функционираат успешно, но причината за моето излагање е тоа, и господинот Серафимов го кажа тоа дека имаме подрачја каде водните заедници функционираат и има позитивен ефект во развојот на земјоделието и имаме места односно подрачја каде формално може да постои водната заедница, има потенцијал, има поле и вода да функционира, има и традиција, но и покрај тоа не успева да функционира, без оглед на претходниот Закон и овие измени кои ни се нудат денес.

Тоа што ми даде за право да говорам е тоа што со овие измени не гледам дека можеме да придонесеме во подобрување за функционирање на овие водни заедници каде имаме проблеми, како што сме ги имале и до сега. Би сочекал измените да бидат во функција на едно поефикасно функционирање на овие водни заедници, со цел да бидат фактор и за сеопфатниот развој на земјоделието. Зборот ми е за Западниот дел на Македонија, Кичево, Струга и други подрачја, да не кажам за Житоше, Долнени, за тоа се говореше и од страна на другите пратеници, што овој закон ги засега овие места. Но, секако имаме места со добри потенцијали за развој на земјоделието, имаме водни ресурси кои постојат, но никако да се организира на локално ниво, или на централно ниво овие заедници да се организираат и да можат да го дадат својот придонес во однос на земјоделието. На пример, во Струга имаме една неповолна состојба каде не успева на потребно ниво да се организира водната заедница.

Имаше неколку проекти во минатото, но сите остануваат без да се дефинира до крај дека Струшкото поле, Охридското поле не се полиња каде не може да се негува оваа активност, оваа дејност и дека поефективното организирање на водните заедници ќе придонесеше ова да се направи на поефикасен начин.

Не гледам предлози во овој закон кои ќе им наметнат или подобро да кажам ќе ги упатат, поддржат овие реални локални фактори во функција на подобро организирање на водните заедници.

Гледам член кој остава можност општините на еден начин не задолжително да го направат, туку можат да им дадат поддршка мислам на просторна , инфраструктурна на овие водни заедници. Оваа можност беше и до сега и тоа не е причина да се ограничии општината да не се вклучи во оваа насока и да ја даде својата подршка. Зборот може да се обезбеди општината, како што пишува во законот не е некој императив или инструмент кој создава безбедност или поголеми можности од тие што беа до сега во оваа насока. Ова е недоволно и несоодветно, имајќи го предвид нивото на развојот на овие водни заедници во местата каде тие не функционираат.

Од друга страна во членот 70 се додава еден став кој напротив двата претходни става кои овозможуваат распределба на средствата откако е отпочната постапката за ликвидација на претпријатијата, сега се дава дополнителна можност на Министерството да учествува во нивната инфраструктура и да ги пренесе на разни места каде мисли дека има потреба за нешто такво и мислам дека имаме една пристрасност од страна на Министерството дека може да дојде во судир на разни состојби и разни субјекти како на ниво на водните заедници така и на локално ниво на локалните заедници и водостопанствата и тие на локално ниво.

Близок сум до тие мислења кои велат дека овие измени не се суштествени и не се во функција на зајакнување на водостопанствата, бидејќи се прават за одредени цели каде некаде може да има позитивен став, но не можат да бидат начелни и позитивни ефекти затоа што, како што се знае, има можност за злоупотреба на сите овие работи и затоа мислам дека не треба да се подржат во оваа фаза овие измени освен ако Владата гледа посеопфатно и пошироко на оваа проблематика и ни предложи измени на овој закон кои ќе ги оспособат водните заедници, посебно во местата каде помалку функционираат или лошо функционираат да станат предмет или фактор на појак развој на земјоделството.

Сакам да се надоврзам со една компонента во членот 66 кој е во однос на една можност да се вклучи локалната самоуправа за да даде помош на овој концепт да се зајакнат водните заедници, а во другиот дел во членот 70 се дава ингеренција на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство без да ја консултира локалната самоуправа да направи дислокација на можната инфраструктура во тоа место, на места каде сака без да се консултира локалната самоуправ.

Господине претседателе, уште еднаш ќе ми дозволите да нагласам дека Законот за локална самоуправа во членот 22 каде ингеренциите на локалната самоуправа се стопанствата и земјоделието. Овде има низа закони кои доаѓаат од разни области и воопшто не го земаат во предвид овој член и кога ги предлагаат законите или сегменти од закони кои се во однос со локалната самоуправа, бидејќи е и нивен интерес и нивни ингиренции, но секако и поделбата на одговорноста со локалната самоуправа, тие предлагаат закони кои не го земаат во предвид овој системски закон кој уредува прашања по однос на децентрализацијата.

Уште еднаш би нагласил дека во Владата има министер за локална самоуправа кој не знае каква обврска има самиот тој, но мислам дека ќе предложам нешто што ќе помогне. Неговата должност е да биде претставник на интересите на локалната самоуправа и да ги отвори очите и секогаш кога се предлагаат закони кои ги засегаат елементите од членот 22 од Законот за локалната самоуправа што е Устав за ова Министерство треба да реагира во тие случаи. Секогаш треба да го каже својот глас во интерес на тоа што е интерес на локалната самоуправа и да побара да не поминат или да се наведат во законот елементи или аспекти кои ќе бидат во согласност и со интересот на дејноста која ја уредуваат, но секогаш имајќи го во предвид членот 22 и двете точки каде е земјоделството.

Јас не можам да разберам зошто во Парламентот ни доаѓаат предлози кои се во однос на областа, посебно од екологијата, стопанството, земјоделството и многу други области каде интересот на локалната самоуправа се поставува и со предлози се деградира тоа што беше претходно донесено.

Уште еднаш ќе заклучам, должност на министерот за локална самоуправа е во Владата да го презентира интересот на локалната самоуправа недозволувајќи законите да поминат без да се опфати и интересот на локалната самоуправа. Нешто се случува и со овој закон каде му се дава како обврска значи може, а не е неопходно, се дава можност на локалната самоуправа, а од друга страна кога овие инфраструктури се одземаат со одлука на Министерството без да се отпочне постапка за ликвидација, тоа се прави само од министерот за земјоделство без да ја консултира локалната самоуправа. Сето тоа не е во ред и не е во согласност со членот, па затоа мислам дека предложените закони не се комплетни, целосни. Го прифаќам аргументот дека овде не се постапува како што треба, има големи недостатоци, законот ќе доживее многу измени се додека ја најде позицијата за да биде ефикасен во одредена насока. Овие измени не се со таа цел, не се начелни, ги повредуваат ингеренциите и влијанијата на локалната самоуправа паралелно со економскиот развој каде значаен фактор е водата. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Госпоѓо Филипова реплика или збор?

Повелете имате збор.

**Верица Филипова:** Благодарам почитуван претседателе, почитуван заменик министер, почитувани присутни,

Денес на дневен ред имаме Предлог за донесување закон за изменување и дополнување на Законот за водните заедници, со Предлог на закон. Многу краток закон, закон од само 8 члена кои треба да се дополнат или изменат на

постојниот закон за водни заедници кој е донесен на 31 јулу 2003 година.

Да потсетам за неупатените дека водните заедници се најмалите делови од водоснабдителниот систем во Република Македонија. Водните заедници се делови кои функционираат на база на самофинансирање, делови во кои водокорисниците треба да го плаќаат водниот надомест, управите на водните заедници го собираат тој воден надомест и потоа го распределуваат според законското решение односно најголем дел од него оди за плаќање кон хидросистемот, набавка на вода за наводнување од правните лица кои обезбедуваат вода за наводнување. Другиот дел би требало да оди за доградба, реконструкција, изградба на нови, подобрување на постојната инфраструктура на системот на регионални каналски мрежи.

За жал, во функционирањето на водните заедници овие месеци се собираат многу малку средства од водокорисниците. Се оставаат водокорисниците-земјоделците да не плаќаат воден надомест, се води политика односно удварање кон нив.

Сето ова е краткорочна политика, почитувани присутни. Сите паметиме еден регионален канал кој првиот ден или првиот месец по стапувањето на оваа Влада, премиерот Груевски со некоја механизација отиде да го исчисти. Тоа беше обврска односно чистењето на тој канал беше обврска на соодветната водна заедница. Следува есен, следуваат месеци кога повторно не очекуваат врнежи, кога треба повторно каналската мрежа да биде доведена во одлична ситуација. Сезоната за наводнување е при крај, завршена, како функционираше, очекував дека нешто ќе каже присутниот заменик министер, меѓутоа, јасно ни е на сите дека оваа сезона за земјоделците беше многу, многу лоша, беше лоша бидејќи немаше доволно вода, немаше доволно врнежи, а уште повеќе беше лоша зата што расположивата вода беше многу лошо нетранспарентно распределена помеѓу водните заедници. Не постоеше мерило на кој колку вода треба да се даде, не постоеше мерило каде се трошо постоечката вода. Поради тоа имавме случаи во водните заедници каде не се собираше или се собираше многу мал процент на воден надомест, по два проценти, по нула проценти, имаа цело лето вода, а додека водните заедници кои собираа преку 80% степен на наплата за примената вода воопштоне добија вода.

Јас во мојата реплика до заменик министерот пред малку го прашав дали Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, поточно дали Управата за водостопанство планира да направи контрола на материјално-финансиското работење во водните заедници. Се надевав дека ќе се залагате за ред, за правен поредок дека на тој начин ќе се залагате да функционираат и водните заедници. Меѓутоа, ниту во дополнувањето на ова законско решение тоа не е предвидено ниту вие објаснивте што и како ќе работите понатаму. Дали ќе оставиме ден за ден да функционираат тие водни заедници, дали ќе оставиме и така дотраената и руинирана каналска мрежа не се санира и дали ќе оставиме идните генерации да немаат никаков систем на водоснабдување.

Системот на водоснабдување во Република Македонија е граден 60-тите години, најголем дел 70-тите години, потрошени се огромни средства кои, за жал, деновиве одат во неповрат.

Познато е дека и Светската банка, како што рековте, одобри кредит за санација на водостопанските претпријатија. Од кои средства ќе се враќа тој кредит кога водните заедници не наплаќаат воден надомест. Со тоа што не наплаќаат воден надомест од водокорисниците не можат да го платат својот дел кон правното лице односно кон водостопанствата, значи функционирањето на водостопанските организации се доведува во прашање. Не е важно, тоа е најмалку важно вработените 5 или 10 души редовно земаат плата, која, за жал, и не ја земаат. Многу е поважно капиталните објекти, а тоа се хидросистемите во Република Македонија функционираат и понатаму. А, за функционирање, потребно е одржување. Вие рековте дека денеска бил пуштен хидросистемот “Лисиче”, а старите ќе ги оставаме да пропаднат, па потоа пак некоја друга Влада да прави нови хидросистеми, да санира и да се фали дека биле пуштени. Тоа не не води кон напредок.

Впрочем, најбитните прашања на македонскиот народ минатата година во овој период, економскиот развој, новите вработувања, намалувањето на сиромаштијата се постигнуваат со добро функционирање, една карика од сето тоа е добро функционирање на водните заедници. Со вашите мерки, со овие законски решенија кои се пред нас, вие не нудите добро функционирање на водните заедници, нешто што за земјоделците и земјоделската популација во Република Македонија знаеме колкава е, нешто што за нив е најбитно. Побитно од набавката на семенски материјал, орање, побитно од распределбата на земјиштето можеби е водоснабдувањето. Се е џабе ако луѓето ги фрлат парите, а немаат наводнување. Уште повеќе земјоделците ќе се излагаат на поголеми трошоци.

Поради тоа, апелирам до вас, да го средите овој дел од Министерството. Апелирам до вас да не се однесувате на начин на кој до сега се однесувавте кон земјоделците, кон корисниците на водните заедници. Основно средство, каналската мрежа, магистрална, регионална е на Република Македонија, меѓутоа, со неа управуваат водните заедници, управуваат со магистралната мрежа водостопанствата. Таму ситуацијата во 2007 година беше тотален хаос и поради сушата, а уште повеќе поради лошиот начин на менаџирање.

Мислам дека е време, пред нас е идната 2008 година, санацијата на хидросистемите како и санацијата на водните заедници, санацијата на каналската мрежа треба да се почне со време,

треба да се почне впрочем уште утре како повторно 2008 година не би се случил истиот хаос. Не е успех ако првите водни заедници до изворот, до браната имаат вода. Тоа не е никаков успех. Успех е ако последните, најдалечните водни заедници добијат вода. Тоа летово не беше постигнато, тоа го немаше.

Поради тоа не се согласувам со вас дека не треба повеќе дискусии, дека законот за водните заедници бил многу краток и дека ние џабе овде сме зборувале. Можеби жалите за некои социјалистички времиња, можеби жалите за некои социјалистички собранија каде целото Собрание било една партија и не се дискутирало, не се зборувало. По вашите реакции мислам дека жалите за такво нешто. Меѓутоа, Република Македонија е држава повеќепартиска каде владее демократијата и само со многу работа, многу заедничка работа, само со многу соработка, со преговори можеме да одиме напред. Не се враќајте во некои поминати времиња. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарма и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за водните заедници.

Ги молам пратениците кои во моментот не се во салата да повелат да дојдат во салата, да си ги заземат своите места зашто не очекува гласање.

Ги молам пратениците да повелат во салата.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници.

Ги молам отсутните пратеници да се појават во салата.

(Во салата влегуваат повеќе пратеници).

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 54 пратеници, сите 54 пратеници гласале за.

Ве молам службите уште еднаш да достават точен број на присутни пратеници, минус два, бидејќи двајца пратеници сега влегоа и ќе минусираме два.

64 минус два, значи 62 пратеника биле присутни во моментот на гласањето и гласањето е валидно.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон?

Ве повикувам да гласаме.

Во присуство на доволен број пратеници во салата, гласале 59 пратеници, сите 59 пратеници гласале за.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој повеќе не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, 60 пратеници гласале за, воздржани нема, против двајца.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за водните заедници.

Ги молам шефовите на пратеничките групи да дојдат на 10-минутна координација во сала Охрид.

Давам пауза од 10 минути.

(Пауза од 13,17 до 13.28 часот).

Почитувани пратеници, според договорот постигнат на координацијата која штотуку заврши, оваа седница ќе се прекине сега и ќе продолжиме со 56-та седница на Собранието, заради тоа што на 56-та седница на Собранието има 10 закони со европски предзнак, а оваа нема такви закони, по мој предлог. Предлогот е прифатен, а за преориентација на пратениците и за пререгистрација давам пауза до 15,00 часот, во која пауза ќе се вклучи и редовната пауза. Благодарам.

(Седницата прекина во 13,29 часот)